**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6483 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање."*
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања."*
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

## 6. Констатации од надзорот:

Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Овој последен десетти по ред извештај, се однесува на периодот од 1 до 9 декември, односно на вториот деветдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа по девет изданија на Вестите во 18 часот и 30 минути и во 21 часот и 30 минути. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 5 часа 26 минути и 13 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Телма | Траење | Процент |
|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | |
| Влада на РМ | 00:01:16 | 8,32 % |
| Судство | 00:00:51 | 5,59 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:51 | 5,59 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:47 | 31,43 % |
| Други субјекти | 00:02:13 | 14,57 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:50 | 31,76 % |
| ДИК и други органи | 00:00:25 | 2,74 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:15:13** | **100 %** |
| **Други теми поврзани со избори** | | |
| ДИК и други органи | 00:20:15 | 9,80 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:13 | 3,49 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:18:19 | 8,86 % |
| Беса | 00:03:10 | 1,53 % |
| Граѓански сектор | 00:23:41 | 11,46 % |
| Влада на РМ | 00:12:38 | 6,11 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:11:05 | 5,36 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:45 | 1,81 % |
| Експерти/аналитичари | 00:19:05 | 9,23 % |
| Без субјекти | 00:08:38 | 4,18 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:19:40 | 9,52 % |
| Претседател на РМ | 00:05:29 | 2,65 % |
| Други субјекти | 00:29:48 | 14,41 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:52 | 1,87 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:46 | 0,85 % |
| Левица | 00:07:02 | 3,40 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:28 | 0,71 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:45 | 0,36 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Локална самоуправа | 00:00:46 | 0,37 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:12 | 1,55 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:50 | 1,37 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:59 | 0,96 | % |
| Либерална партија | 00:00:19 | 0,15 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:26:39** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:15:25 | 15,68 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:22:26 | 22,81 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:13:57 | 14,18 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:11:46 | 11,96 | % |
| Левица | 00:05:30 | 5,59 | % |
| Либерална партија | 00:03:02 | 3,08 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:08:52 | 9,02 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:17 | 7,41 | % |
| Беса | 00:06:53 | 7,00 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:13 | 3,27 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:38:21** | **100** | **%** |
| **Вкупно:** | **05:26:13** | | |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влезе принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, телевизијата информираше речиси за сите учесници во изборниот процес (нема информации за ПДП – со една листа), а за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите издвои 1 час 38 минути и 21 секунда (Табела 1). Времето посветено на известување за четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати е распределено на следниов начин: најмногу време е издвоено за информирање за митинзите и средбите на претставниците на Коалицијата предводена од СДСМ - 22 минути и 26 секунди (22,81%); следува Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ со 15 минути и 25 секунди (15,68%); за Коалицијата ВМРО за Македонија се одвоени 13 минути и 57 секунди (14,18%) и за ДУИ има 7 минути и 17 секунди (7,41%). Известувано е и за активностите на учесникот во изборната кампања со 6 потврдени листи со кандидати – Коалицијата за промени и правда со 11 минути и 46 секунди (11,96%) и за трите учесника во изборната кампања со по пет потврдени листи со кандидати – за ДПА се одвоени 8 минути и 52 секунди (9,02%), за Левица, 5 минути и 30 секунди (5,59) и за Либерална партија, 3 минути и 2 секунди (3,08%). За учесниците во изборната кампања со по четири потврдени листи со кандидати – се одвоени: за Беса - 6 минути и 53 секунди (7,00%) и за Алијансата на Албанците (Коалиција Унитети, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди) 3 минути и 13 секунди (3,27%).

За активностите на власта е информирано во прилози со траење од 15 минути и 13 секунди (Табела 1) каде што беа опфатени следниве теми: ОЈО оформило 42 предмети за нарушување на изборниот процес, дополнителниот заменик министер за внатрешни работи Оливер Андонов негира дека дал претставка за Оливер Спасовски; Светски ден за лицата со инвалидитет, ненајавена посета на министерката за труд и социјална политика Фросина Ременски на Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Скопје, како и реакцијата на Заводот за посетата од страна на министерката; Соопштението на дополнителниот заменик министер за информатичко општество и администрација Александар Кирацовски – „Партиските кадри на ВМРО ДПМНЕ наредиле 439 вработени од РЕК Битола да им дојдат на митинг"; Премиерот Емил Димитриев на средба со членовите на ДИК; Соопштение од министерката за труд и социјална политика Фросина

Ременски во врска со можната злоупотреба на службите на министерството за лицата на кои им е потребна туѓа нега.

Прилозите за други теми поврзани со избори траат 3 часа 26 минути и 39 секунди (Табела 1). Во оваа категорија се сместени прилозите кои говорат за активностите на граѓанскиот сектор; други субјекти; амбасадори/меѓународни организации/странски политичари; експерти/аналитичари, учесници во изборниот процес и др. Во категоријата *„други субјекти"* се кодирани изјавите и активностите на: Игор Тантуровски, Сузана Таскова Аџикотарева, Жаклина Дамчевска и Фарие Алиу, ДКСК; Лајм; Фатмир Битиќи, Комора на Северозападна Македонија; Славчо Лазевски, даночен советник; Сашо Панов, поранешен спортист; Вулнет Палоши, професор; Хасан Хасани, менаџер на хотел; Агрон Мисини, продажба и изнајмување на ски опрема; Народен правобранител; Фирмата Сензор Скопје; Бранко Азески, претседател на ССКМ; Драги Милошевски, директор на печатницата Киро Дандаро. Оваа категорија е застапена со 28 минути и 24 секунди. Категоријата „граѓански сектор" е застапена со 23 минути и 41 секунда, а во нејзе се опфатени соопштенијата или директните обраќања на: Весна Алексовска, здружение на граѓани со ретки болести; Цвете Серафимовски, здружение на лица со дијабетис; Мемиш Гарп, организацијата Романо Пралипе; Аријанд Џафери, Еко Герила; Лила Георгиевска, здружение УНИТЕЛ; МЦМС; Слаѓана Тасева, Транспаренси интернешнл; Маја Величкова, НВО Ние одлучуваме; Снешка Илиќ и Дамјан Здравев, Истражување на Реактор; Џабир Дерала, Цивил; Ненад Јовановиќ, Проект ЕУ; Горан Трајков, Гласно од Штип. Време од 20 минути и 15 секунди, е одвоено за ДИК преку: прилогот за уценување на член на ДИК од страна на дневниот албански весник Лајм; прилогот за доставените финансиски извештаи од страна на учесниците во изборниот процес; апелот од портпаролката на ДИК за воздржување на администрацијата од партиски активности; изјавите на Ариета Џемаили и Љубица Панова во врска со спроведувањето на изборите во дијаспората; случајот со злоупотребата на можноста за порано гласање на болните и изнемоштени лица; информацијата за тоа колку гласачи останале надвор од избирачкиот список; информацијата дека е подготвен материјалот за гласање во недела; соопштението од ДИК во врска со „избришани неизбришани фантоми" од избирачкиот список. Во овој извештаен период емитувани се изјави на повеќе *„експерти/аналитичари"*, меѓу кои: аналитичарите Владимир Божиновски, Петар Арсовски, Нано Ружин, Исмет Рамадани, Алберт Муслиу, Митко Гаџовски, како и на Милчо Пановски, доктор; Константин Димитров, професор; доктор Ѓорѓи Оровчанец, поранешен министер за здравство; и др. Оваа категорија е застапена со 19 минути и 5 секунди. Владата е присутна во оваа категорија со 12 минути и 38 секунди поради прилози кои не можат да се сместат во категоријата „активности на органите на власт" а се однесуваат на: соопштението од МВР во врска со уценуваниот член на ДИК од страна на Лајм; средбата на министерот за надворешни работи Никола Попоски со министерот за надворешни работи на Унгарија; истрагата на МВР во врска со поткупот на гласачи со дрва за греење; прилозите посветени на инцидентот во турското маало во Струмица, каде МВР приведе активист на СДСМ; реакцијата на заменик министерот на МИОА Тимчо Муцунски – „НВО поттикнати од СДСМ се закана за фер и демократски избори"; активностите на битолската полиција по пријавата на дополнителниот заменик-министер Александар Кирацовски за притисоците врз административците за учество на партиски митинзи; истрагата на МВР по пријавите за сомнежи дека се злоупотребува можноста за гласање порано на изнемоштени гласачи; акцијата на МВР по пријавата за поткуп на гласачи од страна на локалната самоуправа на Кавадарци. Субјектот органи на државна управа/јавни претпријатија е застапен со 11 минути и 5 секунди преку прилозите во кој има изјави од директорот на клиниката за радиотерапија и онкологија Милан Ристевски за темата – „Судбината на Клинички во изборните програми"; инвестирањето на ЕЛЕМ Турс во скијачкиот центар на Попова Шапка, како дел од предизборните ветувања; Јавното претпријатие водовод и канализација и Агенцијата за млади и спорт во прилог посветен на започнувањето на изградбата на базени во општина Шуто оризари; демантот од РЕК Битола во врска со пријавата за изборни притисоци врз администрацијата за учество на партиски митинзи; реакцијата на директорката на Центарот за социјална работа од Битола, Виолета Гаџовска во врска со изјавата на Фросина Ременски за можна злоупотреба од страна на службите на Министерството на лицата на кои им е потребна туѓа нега; и др. Категоријата „без субјекти" е застапена со 8 минути и 38 секунди, а во неа се кодирани изјавите на граѓани околу акцијата на МВР во врска со пријавата за поткуп на гласачи од страна

на локалната самоуправа на Кавадарци; изградбата на базени во Општина Шуто оризари; случајот со злоупотребата од страна на здрави и вработени, а пријавени во ДИК како изнемоштени лица за да добијат можност да гласаат порано. Амбасадорите и странските политичари се застапени со 7 минути и 13 секунди преку: унгарскиот министер за надворешни работи Петер Сијарто; холандскиот министер за надворешни работи Барт Кундерс; американската амбасада; Маја Коцијанчич, портпаролка на ЕК. Претседателот на РМ е присутен со обраќање до учесниците во изборниот процес за одговорно и достоинствено однесување за време на изборите и со повик до сите полнолетни граѓани со право на глас на Република Македонија да го остварат своето право на глас. Времето одвоено за него е 5 минути и 29 секунди. Во другите теми поврзани со избори е присутна и категоријата субјекти -министри/заменици од СДСМ со 3 минути и 45 секунди преку следниве прилози: изјавата на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски во врска со истрагата околу покренатите постапки од ДКСК за функционери на СДСМ; пријавата за изборни притисоци врз администрацијата за учество на партиски митинзи од страна на дополнителниот заменик-министер Александар Кирацовски; соопштението од министерката за труд и социјална политика Фросина Ременски за можна злоупотреба од страна на службите на Министерството на лицата на кои им е потребна туѓа нега. Јавното обвинителство е присутно со 3 минути и 12 секунди, преку прилозите посветени на истрагата на ОЈО во врска со поткупот на гласачи со дрва за греење; истрагата за покренатите постапки од ДКСК за функционери на СДСМ. Локалната самоуправа (опозиција) е присутна со 2 минути и 50 секунди преку изјавата на градоначалникот на Куманово Зоран Дамјановски во врска со истрагата околу покренатите постапки од ДКСК за функционери на СДСМ. Локалната самоуправа (власт) е застапена со 1 минута и 9 секунди преку прилогот поврзан со акцијата на МВР во врска со пријавата за поткуп на гласачи од страна на локалната самоуправа на Кавадарци.

Во категоријата други теми поврзани со избори се среќаваат и неколку учесници во изборниот процес. Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. е застапена со 19 минути и 40 секунди, преку: анализата на ТВ Телма за борбата на партиите да ги добијат гласовите на неопределените гласачи (емитуван е дел од говорот на Никола Груевски); прилогот за образовните програми на партиите; предизборните програми во областа на енергетиката; поддршката и учеството на митингот на ВМРО ДПМНЕ како сестринска партија, од страна на унгарскиот министер за надворешни работи Петер Сијарто; програмите поврзани со здравствената заштита и лековите; третманот на пациентите со ретки болести во партиските програми; претставувањето на резултати од спроведена анкета; мерките за стечајците; истражувањето колку се застапени жените во политичките програми; водењето на кампањата и препукувањата помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ; ставот околу соопштението на американската амбасада за можните немири на денот на гласањето; поставувањето видео бим пред партиското седиште; оценката на партијата за текот и за завршувањето на изборниот процес. Коалицијата СДСМ и др. е застапена со 18 минути и 19 секунди преку: анализата на ТВ Телма за борбата на партиите да ги добијат гласовите на неопределените гласачи (емитуван е дел од настапот на Зоран Заев на митинг); анализата на образовните програми на партиите; предизборните програми во областа на енергетиката; програмите поврзани со здравствената заштита и лековите; третманот на пациентите со ретки болести во партиските програми; претставувањето на резултати од спроведена анкета; мерките за стечајците; истражувањето за застапеноста на жените во политичките програми; водењето на кампањата и препукувањата помеѓу СДСМ и ВМРО ДПМНЕ; реакцијата за инцидентот во турското маало во Струмица; ставот околу соопштението на американската амбасада за можни немири на денот на гласањето; посетата на Заев на Сојузот на стопански комори на Македонија; оценката на партијата за текот и за завршувањето на изборниот процес. Левица е застапена со 7 минути и 2 секунди, преку прилозите за анализите на предизборните програми во различни области и појавата на фракцијата „Единство" во партијата. ДУИ е застапена со 3 минути и 52 секунди, исто така, преку прилозите со анализа на предизборните програми; претставувањето на резултати од спроведена анкета; истражувањето за застапеноста на жените во политичките програми; ставот околу соопштението на американската амбасада во врска со можните немири на денот на гласањето; и оценката на партијата за изборниот процес. Беса е присутна со 3 минути и 10 секунди во следниве прилози: истражувањето колку се застапени жените во политичките програми;

реакцијата за кршењето на партискиот штаб; ставот околу соопштението на американската амбасада во врска со можните немири на денот на гласањето; и оценката на партијата за изборниот процес. Коалицијата ВМРО за Македонија е присутна со 1 минута и 59 секунди, преку прилогот за образовните програми на партиите. Коалицијата за промени и правда е присутна со времетраење од 1 минута и 46 секунди, во прилозите со анализа на предизборните програми; и со став за соопштението на американската амбасада. ДПА е застапена со 1 минута и 28 секунди, преку прилогот во кој се претставуваат резултати од спроведена анкета; и со оценка на партијата за изборниот процес. Алијанса на Албанците (Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП) се застапени со 45 секунди преку прилогот посветен на истражувањето за тоа колку се застапени жените во политичките програми; и со оценката на изборниот процес. Либералната партија е присутна со 19 секунди, преку прилогот посветен на истражувањето за тоа колку се застапени жените во политичките програми.

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 25 минути и 51 секунда (19,59%), потоа за Коалицијата предводена од СДСМ – 19 минути и 30 секунди (14,77%) и за Коалицијата за промени и правда - 11 минути и 23 секунди (8,62%). За групата експерти/аналитичари се одвоени 11 минути и 30 секунди (8,71%). Нема други субјекти со застапеност поголема од 10 минути (Табела 2).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:25:51 | 19,59 | % |
| Левица | 00:04:56 | 3,74 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:10 | 5,43 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:19:30 | 14,77 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:24 | 2,58 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:11:23 | 8,62 | % |
| Либерална партија | 00:01:56 | 1,46 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:42 | 4,32 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:39 | 0,49 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:16 | 1,72 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:04 | 3,08 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:08:30 | 6,44 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:11 | 4,68 | % |
| Влада на РМ | 00:01:38 | 1,24 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:30 | 8,71 | % |
| Беса | 00:02:06 | 1,59 | % |
| Други субјекти | 00:08:31 | 6,45 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:36 | 2,73 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:56 | 0,71 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:10 | 1,64 | % |
| | **Вкупно: 02:11:59** | **100** | **%** |

Авторските коментари, осврти и други прилози во кои се изнесуваат ставови зафаќаат 6 минути од времето во вестите во 18:30 и во 21:30 часот.

На 7 декември 2016 година, во двете анализирани изданија на вестите се емитува прилог означен како уреднички коментар, во кој ТВ Телма најави дека судски ќе ја тужи ТВ Нова за тенденциозна интерпретација на резултатите од анкетата, нарачана од страна на ТВ Телма, а спроведена од агенцијата за пазарни и општествени истражувања „М Проспект". Во рамки на прилогот беше емитувано и соопштение од Агенцијата.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Други информативни програми</u>*

**ТОП ТЕМА**

На 1 декември 2016 година, со почеток по полноќ, се емитуваше репризно издание на емисијата „ТОП ТЕМА на ваша страна" со водителката Снежана Лупевска Созен. Емисијата се реализираше како предизборно соочување на изборната програма на ДУИ со другите партии учеснички на изборите на 11 декември. Програмата на ДУИ ја презентираше Артан Груби, кој воедно и одговараше на прашањата, а со него дебатираа Петре Шилегов од СДСМ, Стојанче Ангелов од Коалиција ВМРО за Македонија, Весна Стојменовска од Коалиција за промени и правда и Арбан Балиу од Коалицијата Алијанса за Албанците.

На 1 декември 2016 година, со почеток во 19 часот и 29 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА на ваша страна" со водителката Оливера Трајковска. Емисијата се реализираше како последно претставување на партиите и коалициите кои што имаат кандидати за пратеници во 6 ИЕ. Павле Трајанов од Коалицијата за Промени и правда ја презентираше програмата на Коалицијата, а со него дебатираа Никола Тасев од Коалицијата ВМРО за Македонија и Драган Тевдовски од СДСМ и Коалицијата. Репризното издание беше на преодот помеѓу 1 и 2 декември 2016 година.

На 2 декември 2016 година, со почеток во 19 часот и 31 минута, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА на ваша страна" со водителите Боби Христов и Оливера Трајковска. Темите преземени од најавата се: „Партиите на штедат пари во ловот на гласови на се посиромашниот граѓанин. Во партиските програми силни ветувања за големи плати и повисок стандард, а според статистиката на Евростат во 2014 година, секој трет Македонец немал пари еднаш месечно да излезе на кафе со пријатели или на семеен ручек во ресторан. На средина од изборната кампања во Топ Тема на Ваша страна, анализа на изборната трка со академик Абдулменаф Беџети, универзитетскиот професор Ненад Марковиќ и политичките аналитичари Сашо Орданоски и Владимир Божиновски". Репризното издание беше на преодот помеѓу 2 и 3 декември 2016 година.

На 5 декември 2016 година, со почеток во 19 часот и 36 минути, се емитуваше премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА на ваша страна" со водителите Боби Христов и Оливера Трајковска. Христов ги објави резултатите од спроведената анкета нарачана од ТВ Телма, а Трајковска разговараше со гостите во студиото - Атанас Кировски, главен и одговорен уредник на ТВ Телма и Александар Кржаловски од МЦМС, кој работел на анкетата. Репризното издание беше на 6 декември 2016 година, во раните утрински часови.

На 6 декември 2016 година, со почеток во 19 часот и 32 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА на ваша страна" со водителот Александар Чомовски. Теми беа политичките дебати на учесниците во предизборната кампања. Во рамки на емисијата беше потсетено на дебатите организирани до 2006 година: Киро Глигоров со Љубиша Георгиевски, Бранко Црвенковски со Љубчо Георгиевски, Никола Груевски со Зоран Заев. Гости беа: Жанета Трајковска, директор на Високата школа за новинарство и односи со јавноста, Лирим Дулови и Назим Рашиди, новинари и Радица Тодоровска политиколог. Репризното издание беше на преодот помеѓу 6 и 7 декември 2016 година.

На 7 декември 2016 година, со почеток во 19 часот и 30 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА на ваша страна" со водителката Снежана Лупевска Созен, овојпат реализирано во формат на интервју со Али Ахмети – ДУИ. Репризното издание беше на преодот помеѓу 7 и 8 декември 2016 година.

На 8 декември 2016 година, со почеток во 19 часот и 28 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА на ваша страна" со водителот Боби Христов. Емисијата била планирана да биде дебата помеѓу лидерите на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ и претенденти за идни мандатори на Владата на РМ, но учеството е одбиено од страна на Никола Груевски, па е реализирана (иако со формат и прашања за дебата) како интервју со Зоран Заев. Репризното издание беше на преодот помеѓу 8 и 9 декември 2016 година.

На 9 декември 2016 година, со почеток во 19 часот и 32 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА на ваша страна" со водителката Оливера Трајковска реализирана во два дела. Во првиот дел темата беше текот на изборната кампања. Гостуваа: Џелал Незири, новинар; Сашо Ордановски, аналитичар; Ненад Марковиќ, професор. Вториот дел од дебатата беше посветен на гласањето на дијаспората. Од студиото на Гласот на Америка во Вашингтон, се јави Јане Бојаџиевски со гостите Анета Георгиевска Шаин и Тодор Арсовски.

***Сектор за програмски работи***